# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Службен весник број: 64/2018 од 11.4.18

**Член 1**

Во Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" број 7/2005, 103/2008, 124/10, 135/11, 43/14, 153/15 и 99/16), во членот 38 став (1) точка 5) во алинејата 6 сврзникот „и" се заменува со точка.

Точката 6) се брише.

**Член 2**

Одредбите од членот 38 став (1) точка 5) од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" број 7/2005, 103/2008, 124/10, 135/11, 43/14, 153/15 и 99/16), нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

**Член 3**

Директорот и заменикот на директорот кој се избрани во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, се должни да го исполнат условот за познавање на странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на нивното именување.

На директорот и заменкот на директорот кои нема да го исполнат условот за познавање на странски јазик во рокот утврден во ставот 1 на овој член им престанува мандатот.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".